РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1493/5
05 - 11 - 2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-тата седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со бр. 09-1493/1 од 13.05.2025 година, оформен против лицето -------- член на Надзорниот одбор на --------- Скопје и член на Надзорниот одбор на -------- Скопје, СЕ ЗАПИРА.
По констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, спроведена прекршочна постапка и поради промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-1493/1 од 13.05.2025 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК одржан на ден 07.05.2025, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интереси и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, после проверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, Државната комисија ја утврди следната фактичка осстојба:
Лицето ------ има поднесено Ијава за имотна состојба и интереси со ----- од 18.10.2024 година после именување на функцијата претседател на Надзорниот одбор на --------- Скопје, од страна на Акционерското друштво за ----------, во државна сопственост –

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Скопје со Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорниот одбор на ------ Скопје бр-------- од 17.09.2024 година.

Лицето --------- има поднесено Ијава за имотна состојба и интереси со бр. ----- од 18.10.2024 година после именување на функцијата член на Надзорниот одбор на --------------- Скопје, од страна на Акционерското друштво за -----------, во државна сопственост – Скопје со Одлука за отповикување и избор на членови на Надзорниот одбор на ------------ од 17.09.2024 година.

Понатаму, Државната комисија изврши увид во Тековната состојба на --------- Скопје и Друштвото ------ Скопје преку Централниот регистер на РСМ по што утврди дека истите се во сопственост на АД за производство на --------, во државна сопственост, Скопје и имаат државен капитал.

Согласно наведеното, Државната комисија констатира дека од страна на лицето ------- е сторен прекршок на член 44 став 4 од ЗСКСИ, казнив по член 15 став 1 алинеја 1 од истиот закон, по што согласно Законот за прекршоците, Државната комисија состави Записник за констатиран прекршок со бр.09-1493/3 од 22.07.2025 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр. 09-1943/4 од 22.07.2025 година.

Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок изврши уплата за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

По повторна проверка во Административната алатка на ДКСК, Државната комисија констатира дека лицето ------ има поднесено Изјава за имотна состојба и интереси со бр. ------ од 08.08.2025 година за престанок на функцијата претседател на Надзорниот одбор на --------- Скопје, односно со Одлука за отповикување на членови на Надзорниот одбор на ------- Скопје бр. ---- од 28.07.2025 година се отповикува и лицето ----.

Врз основа на наведеното, Државната комисија констатира дека е надминато прекршувањето на одредбите од страна на лицето ------ кои ги предвидуваат забраните за вршење на дополнителни дејности, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК.
Изготвил: М.М. - соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК